**Отворен е повикот за предлози за поддршка на механизмот за брз одговор на прашањето за слободата на медиумите 2025 година (CREA-CROSS-2025-MFP) со краен рок за поднесување на предлог-проектите на 15 јануари 2025 година во 17:00 часот (по средноевропско време).**

Целта на повикот е да се промовираат независноста и плурализмот во медиумска средина со помош на независен механизам за брз одговор на ниво на ЕУ, а кој ќе овозможи следење и поддршка на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите.

За овој повик се обезбедени средства во вкупен износ од 3 000 000 евра, а кофинансирањето, односно грантот од ЕУ изнесува до 90 % од вкупниот квалификуван буџет на проектот.

**Цели на повикот**

Со овој механизам ќе се следат прекршувањата на слободата на печатот и медиумите во ЕУ, во земјите учеснички во програмата „Креативна Европа“ и во земјите со кандидатски статус. Поддршката ќе овозможи практична помош за заштита на загрозените новинари, вклучувајќи конкретни алатки, како што се советувања и правна поддршка, како и обезбедување засолниште и логистичка помош за да им се овозможи на новинарите да продолжат со нивните професионални активности.

Повикот за предлози е отворен за конзорциуми кои се состојат од најмалку два правни субјекта од најмалку две квалификувани земји.

**Квалификувани апликанти се:**

- непрофитна организација (приватна или јавна);
- меѓународни организации;
- универзитети;
- образовни институции;
- истражувачки центри.

**Квалификувани активности**

- Дизајн и управување со механизам за брз одговор низ Европа за поддршка на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите, покривајќи ги сите земји членки на ЕУ, земјите од програмата „Креативна Европа“ и земјите кандидати.
- Обезбедување правна и практична поддршка на новинарите и на другите вработени во медиумите на кои им е потребна помош.
- Организирање мисии за застапување на места каде што новинарите се под закана.
- Следење на состојбата со слободата на медиумите во земјите членки на ЕУ, во земјите учеснички во програмата „Креативна Европа“ и во земјите кандидати.
- Организирање кампањи за подигнување на свеста во областа на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите.
- Обезбедување активности за комуникација и дисеминација.

- Следење и евалуација на акцијата.

**Конкретни активности кои ќе овозможат реализација на горенаведените активности се следниве:**

- проекти за соработка;
- конференции, семинари;
- обуки;
- активности за подигнување и дисеминација на свеста;
- акции насочени кон создавање и подобрување на мрежи, размена на добри практики;
- акции насочени кон создавање и подобрување на дигиталните алатки;
- студии, анализи, проекти за мапирање;
- правна и практична поддршка за новинарите;
- мисии за застапување во квалификуваните земји кога е потребно;
- финансиска поддршка на трети страни.

**Очекувани влијанија**

- Креирање европски механизам за брз одговор за следење и поддршка на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите, кој ги вклучува сите земји членки на ЕУ, земјите учеснички во програмата „Креативна Европа“ и земјите кандидати.
- Обезбедување правна и практична поддршка на новинарите и на другите медиумски работници на кои им е потребна помош.
- Мисии за застапување на локации каде што новинарите се загрозени.
- Кампањи за подигнување на свеста во областа на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите.
- Активности за комуникација и дисеминација.

**Начин на подготовка и поднесување на предлог-проектите/апликацијата**

- Предлог-проектите се подготвуваат во согласност со критериумите и условите наведени водокументот за повикот: Call NEWS – Media Freedom Rapid Response Mechanism (CREA-CROSS-2025-MFP), Version 1.0, 22 October.
  Линкови до повикот и до документот на повикот:
- https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/opportunities/topic-details/CREA-CROSS-2025-MFP?isExactMatch=true&status=31094501,31094502&frameworkProgramme=43251814&callIdentifier=CREA-CROSS-2025-MFP&order=DESC&pageNumber=1&pageSize=50&sortBy=startDate

- https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/docs/2021-2027/crea/wp-call/2025/call-fiche_crea-cross-2025-mfp_en.pdf

- Апликациите се обработуваат и се поднесуваат електронски преку **Funding &Tenders Opportunity Portal (F&TP)**. Информации за пристапување до **F&TP** може да најдете на:
  https://www.eacea.ec.europa.eu/grants/how-get-grant_en

**<u>Онлајн сесија за повикот – 12 ноември 2024 година со почеток во 10:00 часот</u>**

На 12 ноември 2024 година во 10:00 часот (по средноевропско време) Извршната агенција за образование и култура (EACEA) ќе организира онлајн информативна сесија за можноста за финансирање и за процесот на аплицирање за овој повик. За учество на онлајн сесијата може да се пријавите на следниов линк: Creative Europe-MEDIA and Cross sectoral 2025